РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1673/3
19-04-2022 г./v.

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65-тата седница одржана на 15.03.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по пријавата со број 12-6312/1 од 09.12.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-6312 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-6312/1 од 09.12.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од /// од с. ///. Во пријавата се изнесени сомнежи за несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластување на службени лица во ///, во врска со смеќавање владение на имот од ///, жител на ///. Како што наведува подносителот, се работи за легализација на дивоградба во 2012 година, која заземала дел од тротоарот на ///, изградена на ///. При тоа, дел од имотот навлегувал во соседната /// и на тој начин се вршело смеќавање на владението на имотот кој бил во сопственост на подносителот. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК се обрати со барање за надлежно постапување и доставување податоци, информации и документација од ///, која во својот одговор до ДКСК наведе дека во конкретниот случај, целиот имот бил во сопственост на /// и на увид ги достави сите списи по предметот за легализација. Со увидот во списите, не произлегоа елементи за натамошно постапување од страна на ДКСК за предметниот случај.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: С. П. Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**